# РАНЛИВИ ИКОНИ



МАРИНА ЛЕШКОВА

## МАРИНА ЛЕШКОВА

Родена 1957 во Скопје. Дипломирала на Факултетот за Ликовни уметности, 1984 година во класата на Димитар Кондовски. Истата година дипломирала на Историја на уметност со археологија на Филозофски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Р. Македонија во Скопје.
Адреса: Булевар Јане Сандански 109/2/4, 91000 Скопје, тел: 389 91/ 44 75 29
Работи како кустос во Музејот на современата уметност "Скопје".

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

1991 - Скопје, Уметничка галерија
1999 - Скопје, Уметничка галерија

**СЕЛЕКТИРАНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

1986/89 Скопје, Уметничка галерија, Изложби на ДЛУМ
1987 - Скопје, Музеј на современата уметност, 1.Биенале на младите
1988 - Скопје, Музеј на современата уметност, Аквизиции VII
1989 - Куманово, Уметничка галерија; Штип, Уметничка галерија "Безистен" Млади македонски сликари
- Скопје, Музеј на современата уметност, 2.Биенале на младите
- Сараево, Colegium Artisticum "Skenderija", Југословенска документа
1990 - Битола, Уметничка галерија"Моша Пијаде", Млади македонски сликари
1991 - Скопје, Музеј на современата уметност,3.Биенале на младите
1992 - Скопје, Уметничка галерија, I Зимски салон
1996 - Горни Милановац (С.Р. Југославија), Музеј рудничко таковског краја, Четврто меѓународно биенале на минијатурна уметност
1997 - Скопје, Уметничка галерија,VI Зимски салон
- Скопје, Х"взи Пашини Конаци, Приказна за новиот град
- Скопје, Уметничка галерија "Скопје", 50 години постоење на ДЛУМ
1998 - Скопје, Уметничка галерија, VII Зимски салон
- Скопје, Уметничка галерија "Скопје",Од ризницата на Уметничка галерија Скопје/
1999 - Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Портрет - Автопортрет

**НАГРАДИ:**

1987 - Скопје, Награда за сликарство од РЗК на XLII годишна изложба на ДЛУМ
1998 - Скопје, Награда на фондацијата "Ратко Несторовски - Кинез" на VII Зимски салон
- Скопје, Награда на НУБ" Св.Климент Охридски", ДЛУМ - цртеж"97

**КОЛОНИИ:**
1998 - Учество на Интернационална сликарска колонија Прилеп; Ликовна колонија Галичник.

## MARINA LEŠKOVA

Born 1957 in Skopje. Graduated from the Academy of Fine Arts in Skopje in 1984 under Prof. Dimitar Kondovski and in the same year from the University "Sts. Cyrill and Metodius" - Faculty of Arts and Sciences, Department for History of Art.
Since 1984 she is a member of MAFA (Society of Macedonian Artists), and member of DHA ( Society of History of Art). She works as a curator of the Museum of Contemporary Art in Skopje and lives on B. Jane Sandanski 109/ II - 4 Skopje 91 000, Republic of Macedonia, phone: 389 91/ 44 75 29

**SOLO EXHIBITIONS:**

1991 - Skopje, Art Galery
1999 - Skopje, Art Galery

**SELECTED GROUP EXHIBITIONS:**

1986/89 - Skopje, Art Galery , Annual Exebition of MAFA (Society of Macedonian Artists)
1987 - Skopje, Museum of Contemporary Art, I$^{st}$ Youth Biennial
1988 - Skopje, Museum of Contemporary Art, Acquisitions VII- 1987
1989 - Kumanovo, Art galery; Štip, Art Galery "Bezisten", Young Macedonian Painters (from the collection of Skopje Museum of Contemporary Art)
- Saraevo (Bosnia and Hercegovina), Yugoslav Documenta' 89, Colegium Artisticum
- Skopje, Museum of Contemporary Art, 2$^{nd}$ Youth Biennial
1990 - Bitola, R. Macedonia, Art Gallery "Moša Pijade", Young Macedonian Painters
1991 - Skopje, Museum of Contemporary Art, 3$^{rd}$ Youth Biennial
1992 - Skopje, Art Galery, 1$^{st}$ Winter Salon
1996 - Gornji Milanovac (S.R. Yugoslavia), Museum of the Mining - Takovo Region 4$^{th}$ International Exhibition of Miniature
1997 - Skopje, Art Galery, VI$^{th}$ Winter Salon
- Skopje, Art Gallery, "Skopje", 50 years of existance
- Skopje, Art City, H'VZI PAŠINI KONACI - MSU (Museum of Contemporary Art)
1998 - Skopje, Art Galery, VII$^{th}$ Winter Salon
- Skopje, Art Galery, Macedonian art collection
1999 - Skopje, Art Salon of MAFA (Society of Macedonian Artists), Portrait - Selfportrait

**AWARDS:**

1987 - Skopje, Award of paintings from RZK, XLII Annual Exhibition of DLUM
1998 - Skopje, Award 'Ratko Nestorovski - Kinez" , VII Winter Salon
- Skopje, Award of NUL"St.Kliment Ohridski", MAFA - drawings'97

**ART COLONY:**
1998 - Prilep; Galičnik

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ
ART GALLERY - SKOPJE



РАНЛИВИ ИКОНИ / VULNERABLE ICONS:

# МАРИНА ЛЕШКОВА
# MARINA LEŠKOVA

ЈУНИ 1999 JUNE



Второ златно доба / The Second Golden Age, 1998

Македонска ренесанса / Macedonian Renaissance, 1998



НЕРАНЛИВА УБАВИНА: ИЛИ ЗА "РАНЛИВИТЕ ИКОНИ" НА МАРИНА ЛЕШКОВА

Патетичната метафора: "Ранливи икони", укажува како Марина Лешкова ја доживува смислата на своите најнови ликовни дела. Со нив таа нé воведува во своето верување дека иконата сé уште може да биде поттик за нови спиритуални и естетски однесувања на денешниот творец кон сферите на сакралното. Метафората ја искажува и опсесијата на Марина Лешкова со уништувањето, ранувањето на иконите, како напад врз светоста и врз значењето на човековиот творечки труд - неговата најбитна антрополошка одредница.

Марина го преобразува теолошкиот статус на иконата, создаван како апсолутна еманација на двомилениумскиот живот на христијанството. Иконата е рожба на човечката рака и откровение на човековата моќ или пораз на неговиот стремеж да се стопи, да се слее со светото. Врвната метафизичка мисија на иконата е да ги престори во видлив, нетраен материјален факт невидливите, непреодни, возвишени убавини на вербата во вечната добрина - но и сознанието дека божествената милост се спечалува само со беспоговорно следење на божјето слово. Затоа и со целосна абнегација на личноста на творецот на која и да е икона: нејзиното определување како едноставен пренос на светите вистини. А секогаш постоеше можноста: доказ за тоа е сета историја на христијанската уметност, убавината на означителот (иконата) да се издигне до убавините на означеното (смислата на светото, сакралното). Православната црква; теолошката и филозофска мисла што таа ја одгледува, никогаш не се искажа против таквата естетска функција на иконата. Но сепак изградуваше,и им наметнуваше на верниците, специфичен однос кон иконата (сé до денес и сé до нашата средина), претворајќи ја во таков култен предмет што е инструмент и на прагматичното користење на теолошкиот статус на црквата како застапник на божјата власт на земјата.

Но, Марина Лешкова и припаѓа на една сосема друга категорија творци. Во македонската ликовна уметност на ова столетие низа уметници изградија еден друг, разновидно оформен и искажан однос кон иконата. За нив , таа сублимира мошне сложени вредности, многу од нив "додадени" во процесот на оформувањето на некои од најсуштествените појави и одлики на модерната и на постмодерната уметност, пред сé во Европа. Преку нив иконата стана најнапред двигател на стремежот да се надмине дистанцата меѓу "духот на времето" на нашата сурово и безмилосно прагматична цивилизација, и сублимните сфери на постоењето, што е една од врвните аспирации на уметноста од романтизмот и симболизмот наваму. Влијанието на иконите кај нас сé уште не е достатно претставено. За нашето ововековно ликовно творештво, како пред тоа и за руската ликовна авангарда (за Кандински, Маљевич, Јављенски). Иконата имаше значење и на врвна и (сé до почетокот на 20. век) единствена сликарска еманација на многувековните појави на "националните" творечки пориви.

Оттука, редица македонски уметници од овој век го доживуваа овој верски објект главно како естетски факт: сакаа да ја преобразат специфичната духовна аура на иконата и така настанатата пластична структура, да ја асоцираат на некој свој денешен ликовен состав. Генерацијата на која и припаѓа Марина Лешкова заедно со Д. Кал´чев, С. Соколовски, В. Јаков, К.Мишев, се надоврза на поетиките на Димитар Кондовски и Димче Коцо. Како и нивните претходници, тие се опседнати со патината на времето и смислата на предметите што го пренесуваат здивот на светото. Поновите творечки пориви на Марина авторски општат со секоја од овие ликовни потраги на " другите ", но не ги повторуваат.*

Марина Лешкова се движеше кон својата најнова творечка етапа преку внатрешната логика на нејзиниот претходен развој. Постепено се згуснуваа пластењата на широките, грижливо сликани недискурзивни парцели: низ нив авторката ненаметливо беше проткала своевидно хедонистичко и пантеистичко чувствување на светот. Потоа врз смирените, еднообразно обоени заднини на сликите, поставуваше знаци, белези, сигнали, за да создаде пластични состави поттикнати од другите видови на нејзиниот однос кон светот во кој живее. Така во "Берлинскиот ѕид", слика настаната по неговото уривање (1989), оваа брана меѓу два (идеолошки, политички) системи беше визуелно сугерирана со една закосена златножолта лента , врз интензивно сино обоениот фон. А целиот ликовен "штимунг" на делото веќе ја најавува програмата на нејзината најнова ликовна поетика. Тоа е особено видливо во двете нејзини "уништени икони" од 1995 година. Нивната "заобиколна", редуцирана евокација на иконични состави (со различна комбинација на златни "парчиња" врз еднобојни екрани), е ликовно-семантички клуч за наредните остварувања на Лешкова. Такво значење има и платното "Благовест" (масло, акрил, златна и сребрена фолија, песок, 1991/98): врз разноцветниот, речиси поентилистички изведен "ќилим" на основата, евангелскиот настан не е раскажан, туку е влеан во дискретен визуелен знак-означител.



Крштевање Христово / The Baptizing of Christ, 1997




Цивилизациски именител на Словените / Civilization Feature of Slavs, 1998




Симнување во ад / Descending to Inferno, 1998

Во најголемиот дел творби од серијата "ранети икони" (1997-1999), пред сé е нарушена вообичаената конфигурација на "традиционалните", "вистински" икони. Тоа се најчесто дрвени штици или трупци, со неправилни форми. Сродни се во материјалот со другите икони, но не и во препаратурата на дрвото. Притоа, овие "икони" кои често се "ранети" на самата површина, во фактурата на делото (симулирано е исчезнување или оштетување на мотивот), се само формално сообразени со вообичаената иконска структура. Тие се "откачуваат" од догмата што го пропишува физичкиот статус на "вистинските" икони. Оттука, творбите на Марина Лешкова - дури и да ги исполнат сите други каконски одредби - поради нејзиното "живописување" кое светите теми ги предава не толку според "прототипот", колку сообразно на авторовата визија за нив, не би можеле да се најдат во некоја православна црква. Овие проиконски објекти се "обични" ликовни дела. Нивните мотиви (и кога го следат "словото" на православието), нивната ликовна обработка, нивниот семантичко-симболичен набој, само ги "симулираат" верските или култни предмети. И во некои "цели икони" ("Поклонување на мудреците на Богородица", 1997/99; "Апостол Тадиј"; "Богородица и Јован Богослов", 1997/98, на пример), авторот симболичното значење на даден религиозен мотив го подложува на свои лични иконографско-претставувачки одредници за него. А најчесто целиот иконографски "разказ" го сведува на остатоци од неговата граѓа: "парчиња" од "ореоли", од одежди, предмети; делчиња од прикази на свети ликови и фигури ("Богородица со Христос", 1999; "Раѓање Христово", 1999). Други состави ја згуснуваат метафизичката смисла во некој визуелен сегмент: "Псалм Давидов", 1997; "Деизис", 1998; "Плачот на Рахела", 1997. Сите можат да се согледаат и како парчиња од некои ѕидни слики од разурнати цркви.

Неколку други дела на Лешкова - "Цивилизациски именител на Словените", 1998; "Второ златно доба", 1998; "Македонска ренесанса", 1998 година - се поставени како крипто-ребусни или метафорични состави. Со нив уметницата сакала да размислува за суштествени моменти од македонската историја: да ја согледа интелектуално, симболично, ликовно - сето тоа во близина на сцените од историјата на христијанската религија, предадени во други нејзини дела.

"Ранетите икони" на Марина Лешкова се изведени со рафиниран усет за усогласување на цртежот и боите, како и за промислено користење на разновидни материјали: некои се традиционални (златна фолија), други понови или "неликовни" (масло, акрилик, сребрена фолија, песок). Притоа, интенционално ги "исцртува" композициите и деталите на некои дела, со обмислено користење за особен ефект. Така, еманира своевидна присност, носталгија, елегично чувствување на нештата: некакво здржано тажење над горчливото сознание дека суровоста на времето и на насилното (од човекот предизвикано) уривање, ја "ранува" и уништува човековата личност прелеана во уметничките дела. Војната што е во тек на балканските простори е страотен (иако не и од неа очекуван) доказ за овие опсесии на Марина Лешкова.

**Д-р Борис Петковски**

* За видовите на пристапот кон смислата на сакралното во македонското сликарство на овој век, видете: Борис Петковски, Сакралното во македонското сликарство на XX век (во зборник на трудови на МАНУ од научен собир), МАНУ, Скопје 1997. Во студијата се приведени и низа европски уметници што го искажале својот однос кон сакралното, како и дел од литературата што се однесува на ова прашање.





Богородица и Јован Богослов / Virgin and John, 1997/98

Апостол Тадиј / Apostle Tadius, 1997/98

## THE INVULNERABLE BEAUTY: ABOUT THE "VULNERABLE ICONS" OF MARINA LEŠKOVA

The pathetic metaphor "Vulnerable icons" indicates the feelings of Marina Leškova concerning the sense of her latest fine-art works. Through her works, she introduces us to her belief that the icon may still present stimulation for new spiritual and aesthetic behaviors of modern artists toward the sacral spheres. They also prove the obsession of Marina with destruction, wounding of icons as an assault above holiness and above the significance of human creative efforts; the most essential anthropological feature.

Marina modifies the theological status of the icon being created as absolute emanation of the two millennia long life of Christianity.

Yet, Marina belongs to a completely different category of creative workers. The Macedonian fine art of this century includes a number of artists who have developed another, differently shaped and uttered attitude toward the icon. For them, the icon is a sublimation of extremely complex values many of them "added" within the process of formation of the most essential phenomena and features of Modern and Postmodern art, most of all in Europe.

Marina's progress toward her latest creative phase was performed through the inner logic of her previous development. The layers of the wide carefully painted non-discursive portions gradually thickened: the artist enlacing a somewhat hedonistic or pantheistic feeling for the world. In addition, over the peaceful, monotonous backgrounds of the paintings, she has been placing signs, marks, and signals, in order to create plastic compounds- inspired by some other attitudes of her towards the world she lives in.

In most of her works from the series (1997-1999) "wounded icons", the customary configuration of "traditional", "real" icons has been disturbed. In this manner, the artist proves her tendency to contemplate on moments of Macedonian history: to comprehend it in its intellectual, symbolic and fine-art aspects - and all these going on in the vicinity of the historic and Christian scenes presented in some other works of Marina.

The "Wounded Icons" of Marina are done with a refined sense for alleviation of drawings and colors. The sensible use of various materials includes traditional (golden film) and also modern or unpainterly ones (oil, acrylic, silver foil, sand). Furthermore, Marina intentionally "draws" the compositions and details in some of her works by means of thoughtful usage of peculiar effects. Thus, she emanates a certain intimacy, nostalgia, elegiac feeling for things : a kind of restrained grieving over the bitter knowledge that the cruelty of time and human violence injure and destroy the human personality reflected in works of art. The war that is currently happening in the Balkans is a horrible (although not expected ) evidence of these obsessions of Marina.

Boris Petkovski Ph. D

**РАНЛИВИ ИКОНИ / VULNERABLE ICONS:**
**НАСЛОВИ НА ДЕЛА / TITLES OF WORKS:**

1. Благовест, 1991/98
The Annunciation
масло, акрил, златна фолија, сребрена фолија, песок на платно,136 x 175 см

2. Уништени икони, 1995 (наградено дело)
Destroyed Icons, (awarded)
масло, акрил, златна боја и сребрена фолија на даска, 80,5 x 35 x 5 см

3. Уништена икона, 1995
Destroyed Icon
масло, златна боја на даска, 50 x 36 x 5 см

4. Псалм, 1997
Psalm
масло, акрил на даска, 183 x 70 x 10 см

5. Св.Ѓорѓи ја убива ламјата, 1997
St. George Killing the Dragon
масло, златна боја на даска, 60 x 58 x 23 см

6. Крштевање Христово, 1997
The Baptizing of Christ
масло, акрил, златна боја, хартија од фолија на даска, 116 x 73 x 12 см.

7. Плачот на Рахела, 1997
The Weeping of Rachael
масло на даска, 82 x 52 x 25 см.

8. Св.Симеон и Св.Сава,1997/98
St, Simon and St. Sava
масло, златна боја, хартија од фолија на иверица, 64 x 90 x 1 см.

9. Апостол Тадиј, 1997/98
Apostle Tadius
масло, златна боја, акрил на даска, 62 x 34 x 7 см

10. Богородица и Јован Богослов, 1997/98
Virgin and John
масло, златна боја, акрил на даска, 60 x 30 x 7 см.

11. Второ златно доба, 1998
The Second Golden Age
масло, златна боја, акрил, нитро боја на даска, 49 x 52 x 6 см.

12. Македонска ренесанса, 1998
Macedonian Renaissance
масло, златна боја, акрил, нитро боја на даска, 49 x 52 x 6 см.

13. Цивилизациски именител на Словените, 1998
Civilization Feature of Slavs
златна боја, акрил на даска, 102 x 37 x 6

14. Деизис, 1998
Deices
масло, златна боја на даска, 89 x 40 x 7 см.

15. Евхаристија, 1998
Evharistia
масло, акрил, златна фолија на даска, 96 x 44 x 20 см.

16. Симнување во ад, 1998
Descending to Inferno
масло, акрил, златна боја, златна фолија, хартија од фолија, 120 x 42 x 7 см.

17. Ангел како персонификација на Новиот завет, 1998
Angel Personifying the New Testament
акрил, златна боја на даска, 124 x 40 x 5 см.

18. Апостол Павле, 1998/99
Apostle Paul
масло, златна боја, сребрена фолија на даска, 200 x 30 x 4 см.

19. Архангел Гаврил, 1998/99
Archangel Gabriel
акрил, златна боја на даска, 222 x 47 x 10 см

20. Мудреците и се поклонуваат на Богородица, 1997/99
Magi Pay Homage to Mary
масло, акрил, златна боја, метал на шпер плоча, 80 x 159 x 4 см

21. Богородица со Христос, 1999
Mary and Christ
акрил, златна боја, хартија од фолија на даска, 134 x 33 x 4 см.

22. Раѓање Христово, 1999
The Birth of Jesus
акрил, златна боја, сребрена филија на даска, 136 x 30 x 6 см.

23. Св.Јован Претеча, 1999
St. John the Predecessor
акрил, сребрена фолија, златна боја на даска, 135 x 50 x 5 см.

24. Златна икона, 1999
Golden Icon
акрил, златна фолија на даска, 42,5 x 35 x 4,5 см

25 Сребрена икона, 1999
Silver Icon
акрил, сребрена фолија на даска, 50 x 35 x 4,5 см

## БИБЛИОГРАФИЈА


1988
VASEV DIMESKA,Viktorija
Sinteza,Ljubljana,1988,decembar,79,80,81,82,st.213-215

1989
ПАУНОВСКИ,Љубен
ОДБЛЕСОКОТ НА СЕНКАТА
Млад борец,Скопје,11.10.1989,бр.1665,ст.44

ПЛАВЕВСКА БОЧВАРОВА,Марика
(ПРЕДГОВОР.Во)Млади македонски сликари
(Каталог) изд.Куманово,Уметничка галерија,1989

JАКИМОВСКИ БОЖУРСКИ,Гоце
МЛАДИ МАКЕДОНСКИ СЛИКАРИ
Беседа,Куманово,VI 1989,бр.45-46,ст.129-130

1991
ДИМЕСКА ВАСЕВ, Викторија
(ПРЕДГОВОР, Во) Марина Лешкова
(Каталог) изд. Скјопје, Уметничка галерија, 1991

ВЕЛИЧКОВСКИ,Владимир
СИМБИОЗА НА СЛИКАРСТВОТО И СКУЛПТУРАТА
Нова Македонија "Лик", Скопје, 25.9.1991, 138,13

1994
Д-р ПЕТКОВСКИ, Борис
ТВОРЕЧКО ОСВОЈУВАЊЕ НА СВЕТОТ
Нова Македонија, Скопје, 29.11.1994, 17190, 9

1996
М-р ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ДЛУМ - 50 години
( Каталог) изд. Скопје, ДЛУМ, 1996, ст. 116

1997
КАЗКОВСКА, (С)
Уметнички центар - ART CITY
Нова Македонија, Скопје, 13.06.1997, 18101,10
1998

(Ѓ)уровска,(С)офија
Доделени наградите на приватни фондации
Нова Македонија, Скопје, 27.02.1998, 11

(К)остова, (М)арина
Наградата "Ратко Несторовски" за Марина Лешкова
Вечер, Скопје, 03.03.1998, 13

(К)остова, (М)арина
Се отвора "ДЛУМ ЦРТЕЖ"
Вечер, Скопје, 05.03.1998, 11

ANONIM
The 1988 Winter Saloon
Metro, Skopje, March 1998, 22, 6

Др.ПЕТКОВСКИ, Борис
(ПРЕДГОВОР, Во) Нове Франговски
(Каталог) изд.Скопје, Музеј на град Скопје, 1998

ФРАНГОВСКА, Јасна
Наследници на традицијата
Денес, Скопје, 13.08.1998, бр.44, ст.53

Др.ПЕТКОВСКИ, Борис
(ПРЕДГОВОР, Во) "Ранливите икони" на Марина Лешкова
(Каталог) изд. Скопје, Уметничка галерија, 1999



Издавач: Уметничка галерија Скопје
Крушевска 1а, Скопје, Р. Македонија
Тел. ++ 389 (0)91 133-102
Факс. ++ 389 (0)91 124-219
Одговорен уредник: Викторија Васева Димеска
Организација на изложбата: Славко Д. Лисичков
Предговор: проф. д-р Борис Петковски
Графичко и ликовно обликување: Денко Матевски
Превод на англиски: Жанета Станоевска
Колор слајдови(сопственост на Марина Лешкова): Марин Димески
Печати: Скенпоинт
Тираж: 500

Publisher: Art Gallery Skopje
Krusevska 1a, Skopje, Republic of Macedonia
Tel. ++ 389 (0)91 133-102
Fax ++ 389 (0)91 124-219
Editor-in-Chief: Viktorija Vaseva Dimeska
Organization of the exhibition: Slavko D. Lisičkov
Preface: prof. Dr Boris Petkovski
Design and lay-out: Denko Matevski
Translation into English: Zaneta Stanoevska
Color slides (property of Marina Leškova): Marin Dimeski
Printed by: Skenpoint
Copies: 500

Каталошките податоци се користени од центарот
за документација на МСУ

Catalog data are from Documentation centre of the
Museum of Contemporary Art

Изложбата и каталогот се реализирани со помош на
Министерството за култура на Република Македонија

The exhibition and the catalogue were supported by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia


Корица: Златна Икона, 1999
Насловна страна: Раѓање Христово, 1999


Cip - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски, Скопје

75.038(797.17) (06.064) Лешкова М.

ЛЕШКОВА, Марина
Ранливи икони : [ Уметничка галерија Скопје, јуни 1999] / организација на изложбата, Славко Д. Лисичков ; предговор Борис Петковски ; графичко и ликовно обликување Денко Матевски ; превод Жанета Станоевска ; колор слајдови (сопственост Марина Лешкова) Марин Димески) = [Art Gallery Skopje June 1999 ] / organization of the exhibition Slavko D. Lisičkov ; preface Boris Petkovski ; ; design and lay-out Denko Matevski ; translation itno English Žaneta Stanoevska ; color slides (property of Marina Leškova) Marin Dimeski ; ). - Skopje : Уметничка галерија Скопје = Скопје : Art Gallery Skopje, 1998. - 12 str. : репрод. во боја ; 22 см

Тираж 500. - Текст на мак. и анг. јазик

ISBN 9989-694-27-3

COBISS-ID 32466442

# VULNERABLE ICONS



# MARINA LEŠKOVA